

## Зошто ни се потребни нови стандарди за безбедност на храната?

Во 1995 министрите за здравство на државите и териториите побараа од Australia New Zealand Food Authority да донесе стандарди за безбедност на храната кои ќе важат за цела Австралија.

Причините за тоа беа:

- Постојните закони за хигиена на храната на државите и териториите се разликуваа од област во област
- Некои од законите беа застарени
- Тоа претставуваше проблем за субјектите кои се баваат со храна, а кои работат во повеќе држави или територии
- Тоа предизвикуваше поголеми непотребни трошоци за потрошувачите и стопанствениците

Министрите, исто така, беа загрижени за количината на загадена храна во Австралија заради неколкуте случаи на труење со храна, некои од нив со трагичен епилог.

Новите стандарди се креирани за да им помогнат на стопанските субјекти да ја одржуваат храната безбедна и го намалат ризикот од труења со храна во Австралија. Стандардите, исто така, се базираат на современата светска пракса  и ги земаат во предвид светските стандарди.

*Најповеќе од се, стандардите се креирани да обезбедат да храната која ја купуваме во Австралија да е безбедна за исхрана*

## Важни контакти

Вашата општина или државна здравствена организација:

**Queensland:**
Queensland Health Public Health Units or Environmental Health, Tel (07) 3234 0938

**NSW:**
Food Unit, Department of Health,
Tel 02 9816 0268

**Victoria:**
Your local Environmental Health Officer,
Food Safety Victoria hotline 1300 364 352

**Tasmania:**
State Food Officer, Department of Health and Human Services, Tel 1800 671 738

**South Australia:**
Food Branch, Department of Human Services,
Tel 08 8226 7100,
ehb@dhs.sa.gov.au

**Western Australia:**
Food Safety Section,
Department of Health, Tel 08 9388 4999

**Northern Territory:**
Territory Health Services,
Tel 08 8999 2939

**ACT:**
Food Safety Standards Project Officer,
Health Protection Service, Tel 02 6205 1700

**Australia New Zealand Food Authority**
P O Box 7186, Canberra  MC  ACT 2610
Tel:  02 6271 2222        Fax: 02 6271 2278

Visit the ANZFA Website: www.anzfa.gov.au
E-mail ANZFA directly: advice@anzfa.gov.au
Call the ANZFA advice line. 1300 652 166

# Новите стандарди за безбедност на храната за стопанските субјекти кои се бават со храна во Австралија

**New Food Safety Standards for Food Business in Australia**

**Macedonian**



Commonwealth Department of Health and Aged Care

ANZFA
Australia New Zealand Food Authority
TE MANA WHAKARITE KAI MŌ Ā ITERERIA ME AOTEAROA

**Преводот е спонзориран од страна на Commonwealth Department of Health and Aged Care**



Оваа брошура не запознава со три нови задолжителни стандарди за безбедност на храната кои важат за секој стопански субјект кој се бави со храна во Австралија со исклучок на оние кои се бават со примарно производство.

Произведувачите и ракувачите со храна треба да бидат запознати со новите барања кои ги засегаат.

Стандардите опфаќаат:

- Пракса за безбедно ракување со храната вооопшто
- Барања за ракување со храната
- Барања за здравје и хигиена
- Просториите каде се ракува со храна и опремата

Оваа брошура ги наведува некои од новите барања на стандардите и деновите кога тие стапуваат во сила во државите и територииите. Брошурата, исто така, објаснува каде стопанските субјекти можат да се обратат за подетални информации и вклучува некои општи информации за новите стандарди за храната.

## Распоред за воведувањето на задолжителните стандарди за безбедност на храната

Новите стандарди почнуваат да важат од деновите наведени подолу.

24 Февруари 2001 – сите барања освен:

1. Барањето за известување, 24 Февруари 2002; и
2. Квалификации за ракувачите со храна, 24 Февруари 2002.

Меѓутоа, новите стандарди не стапуваат целосно во сила се додека законите за храната на државата и територииите не се променат заради прифаќање на стандардите.

## Кога новите стандарди ќе стапат во сила во мојата држава/територија?

Деновите кога стандардите ќе стапат во сила се различни за секоја држава и територија. Во времето на печатење на оваа брошура (Август 2001) тие се во сила во NSW и Queensland. За другите области прашајте во локалната општина или Одделението за Здравство или Human Services, деталјите за контакт се дадени на крајот од оваа брошура.

## Што јас ќе треба да правам во иднина, а што не правев до сега?

Новите стандарди се базираат на постојните закони за храната. Иако има некои нови барања, субјектите кои ракуваат безбедно со храната и во согласност со постојните закони за храната би требало да сфатат дека почитувањето на новите барања е едноставно.

Исто така, се додека тие безбедно ракуваат со храната и го докажат истото, некои субјекти кои се занимаваат со храна ќе увидат дека новите стандарди се подобри од старите правила зашто тие се пофлексибилни за работата.

## Новите барања за субјектите кои се бават со храна

Субјектите кои се бават со храна ќе треба да ги соопштат податоците за контакт и информациите во врска со нивната работа до локалната (enforcement) агенција, освен во случај ако тие веќе ги дале овие информации според постојните барања за регистрација.

Субјектите кои се бават со храна се одговорни храната која ја купуваат да е безбедна и соодветна за користење од нивна страна.

Производителите на храна, трговците на големо и увозниците кои до сега немаа систем за повлекување на храната на писмено ќе мораат да донесат таков систем во нивната организација.

Од субјектите кои се бават со храна ќе се очекува да ја преработуваат храната на начини кои ќе обезбедат опасните бактерии да бидат во рамките на дозволеното.

Субјектите кои се бават со храна, а кои работат со потенцијално опасна храна ќе мораат да имаат и да користат термометар за храна.

## Барања за ракувачите со храна

Ракувачите со храна не смеат да ја загадуваат храната на било кој начин, а ќе имаат и одредени посебни одговорности во врска со нивното здравје и лична хигиена.

Ракувачите со храна ќе треба да имаат познавања во врска со работата која ја извршуваат – званична обука не е задолжителна, интерната обука е прифатлива.

## Постојат ли други барања?





Некои од барањата во стандардите можеби ќе бидат нови за субјектите кои се бават со храна во некои од државите и територииите. Тоа е во зависност од содржината на постојните закони за хигиена во државите и територииите. Одделенијата за здравство при државите и територииите ќе можат да ги информираат организациите за локалните промени.

## Програми за безбедност на храната

Некои држави и територии планираат да воведат програми за безбедност на храната во некои делови од индустријата.

Ако овие програми се воведат во вашата држава или територија, одделението за здравство во вашата држава или територија или локалната општина ќе ве известат за ова а и како истото ќе се одрази на вашата работа.

## Каде да се обратам за совет?

Одделенијата за здравје при државите и територииите ќе соработуваат со локалните општини и државните здравствени установи за да се информира стопанството за воведувањето на новите стандарди.

Стопанствениците ќе можат да се обратат за совет до локалните општини или државните здравствени установи за совети по воведувањето на стандардите во нивната средина.

